Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-533/7
22-12-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 533/1 од 10.10.2022 година, поднесена од [redacted] против Државен архив на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување и во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 24.11.2022 година го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на Државен архив на Република Северна Македонија кон [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 – 533/1 на 10.10.2022 година, од подносителот [redacted] за извршена дискриминација од страна на Државен архив на Република Северна Македонија, а по основ на политичко уверување, во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е вработен како помлад соработник во Државен архив на Република Северна Македонија – одделение Скопје. Од 4.10.2022 година со Решение бр. 04 – 1400/25, [redacted] е суспендиран од работното место заради покрената дисциплинска постапка против него за дисциплински престап.

Подносителот во претставката изнесува сомнеж дека поради неговите политички убедувања тој е дискриминиран во однос на дисциплинските постапки покренати против него, а кои се во врска со член 73 став 1 точка 18 од Законот за административни службеници. Во продолжение на претставката [redacted] истакнува дека раководителката на одделението во кое работи, ги сторува истите дејства од горенаведениот член. Следствено на ова, подносителот се повикува на извршена дискриминација поради фактот што за тие дејствија раководителката воопшто не била казнета, а истата иницира дисциплински постапки против него. Конечно, тој смета дека сето претходно наведено се прави со цел негово отстранување од работа.

Ценејќи ги наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 17.10.2022 година испрати Известување бр. 08 - 533/3 за произнесување по наводите од претставката до Државен архив на Република Северна Македонија.

На 1.11.2022 година до Комисијата беше доставено произнесување по наводите од претставката од Државен архив на РСМ. Во произнесувањето од Државниот архив потенцираат дека против Аполон Гилевски до сега во краток временски период биле поведени две дисциплински постапки поради сторени дисциплински престапи и тоа:

- за непристојно однесување на административниот службеник при вршење на работата и работните задачи и

- за внесување и употреба, како и работење под дејство на алкохол и наркотични средства.

Напоменато е дека со првата дисциплинска постапка, тој бил парично казнет со казна во висина од 30% од висината на нето платата исплатена во последниот месец во траење од три месеци. Со втората дисциплинска постапка пак, истиот службеник бил повторно казнет со дисциплинска мерка за сторен дисциплински престап – распоредување на работно место во непосредно пониско ниво.

Во врска со овие решенија не била поднесена ниедна жалба од страна на [redacted] Според Државниот архив, со самото неподнесување на жалба, службеникот директно ја признал својата вина за сторените дисциплински престапи. Во продолжение напоменуваат дека во тек се води и трета дисциплинска постапка против истото лице и за истите причини бидејќи ниту по двете казни за сторените дисциплински престапи, службеникот не се коригирал во своето поведение. Исто така, за целото негово работење во Државниот архив на РСМ, [redacted] никогаш не се пожалил на извршена дискриминација против него, ниту пријавил дека раководителката на одделението каде што работи сторила слични дејства како него.

Врз основа на наводите од претставката и произнесувањето по истите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 29 став 1, на ден 14.11.2022 година изврши непосреден увид во просториите на Архив на град Скопје.

Членот на КСЗД - Лимко Бејзароски на почеток се претстави на субјектот на надзорот, раководител на архив на град Скопје – [redacted], по што ги презентира целите и задачите на непосредниот увид и ги објасни правата и обврските. Разговорот беше воден со раководителката на Архив на град Скопје, [redacted], кон која беа поставени прашања околу веројатноста на наводите во претставката на [redacted] Во продолжение на разговорот, раководителката ги потврди наводите од произнесувањето на Државниот архив и дополнително ги објасни причините кои довеле до поведување на дисциплински постапки. Имено, раководителката истакна дека [redacted] во повеќе наврати внесувал и употребувал наркотични средства и алкохол на работното место, не ги исполнувал зададените работни задачи и не го почитувал работното време. Со сето ова, не само што предизвикувал вознемирување на останатите вработени, дотолку повеќе влијаел и на нарушување на угледот на институцијата преку неговото недолично однесување пред странки.

Имајќи ги предвид тврдењата изнесни во претставката, како и оние во произнесувањата по претставката и по извршениот увид, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација, од причина што не е исполнета законската дефиниција од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ценеше дека преку двете дисциплински постапки кои биле поведени против [redacted], се потврдува повредата на член 73 став 1 точка 18 од Законот за административни службеници. Дополнително, фактот што подносителот на претставката не го искористил правниот лек наведен во Решенијата донесени со дисциплинските

постапки, односно не поднел жалба за истите, не оди во прилог на тврдењата за извршена дискриминација. Од друга страна, третата дисциплинска постапка која се води против него за истите повреди ја наведува Комисијата да утврди дека во конкретниот случај не била извршена дискриминација врз подносителот на претставката.

Заради сето горенаведено Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето, односно дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на Државен архив на Република Северна Македонија кон [redacted].

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Државен архив на Република Северна Македонија, Кеј Димитар Влахов бр. 19, 1000 Скопје